Здружение на пензионерите од општините Охрид и Дебрца Охрид

Број 02-52/6 од 26.03.2022 година Охрид

Врз основа на член 53 од Законот за здруженија и фондации (Сл.Весник на Р.С.М. бр.52/10,135/11и 55/16) и член 15 точка 3 и 15 од Статутот на З.П. Охрид и Дебрца, на предлог на Извршниот Одбор, Собранието на З.П. Охрид и Дебрца на 7 (седмата) седница во мандатот од 2019/23 година одржана на 26.03.2022 година донесе:

# О Д Л У К А

За усвојување на Годишниот финансиски извештај-завршна сметка и Распоредување на нето вишокот на приходи за 2021 година во З.П. Охрид и Дебрца

Член 1

Се Усвојува Годишниот финансиски извештај и завршна сметка за 2021година на З.П. Охрид и Дебрца по претходно изготвениот предлог на финансискиот извештај од Надзорниот Одбор за контрола на финансиско-материјалното работење со следните остварени финансиски резултати од работењето:

| | |
|---|---|
| 1.Вкупно приходи | 4.016.348.00 денари |
| 2.Вкупно расходи | 2.282.519.00 денари |
| 3.Нето вишок на приходи (остаток-добивка) | 1.733.829.00 денари |

Член 2

Остварениот вишок на приходи (остаток-добивка) за деловната 2021 год.во износ од 1.733.829.00 денари се распоредува целосно во извори на средства за други намени.

Член 3

Ова одлука влегува во сила од денот на донесувањето и е во прилог на записникот од 7 (седмата) седница на собранието на З.П. Охрид и Дебрца Охрид.

Член 4

Одлуката Ќе биде објавена на подстраната на З.П. Охрид и Дебрца на веб-страната на СЗПМ согласно законот.

Собрание на З.П. Охрид и Дебрца

Претседател на собрание

д-р Димитар Спасевски